Resource Environmental Center (REC) –
*North Macedonia*

Petre Piruze 12/6

1000 Skopje

Republic North Macedonia

Phone: +389 2 3094 792

# *Годишен извештај за 2025 година за Здружение Центар за ресурси во животната средина (РЕЦ) – Северна Македонија*

февруари 2026

## I. Мандат на организацијата, полето на работа и географската покриеност.

Мисијата на здружението **Центар за ресурси во животна средина (РЕЦ) – *Северна Македонија*** е да го поддржи одржливиот развој преку поттикнување одржливо управување со ресурси и циркуларна економија. Здружението работи врз принципот на одржливост, ги нагласува социјалните и економски аспекти во управувањето со животната средина, фокусирајќи се на долгорочни решенија засновани на холистички пристап и вклучување на различни засегнати страни.

Работиме според принципите на транспарентност, едукација, одржливост и европска интеграција, со цел подобрување на управувањето со животната средина и нејзините ресурси. Се справуваме со бројни еколошки прашања, нагласувајќи ја потребата за одржливо искористување на ресурсите во животната средина, преку проекти кои промовираат еколошки практики и нудат решенија за постигнување одржлив урбан и рурален развој, отпорност на климатските промени и поттикнуваат одржливо и енергетски ефикасно општество.

РЕЦ – Северна Македонија е дел од неформалната мрежа на РЕЦ канцеларии од Балканот (Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Турција и Црна Гора) и географски делува во Република Северна Македонија и на Балканот.

Нашето поле на работа е промовирање на одржливото управување со ресурсите, заштита и подобрување на состојбата на животната средина и природата, унапредување на принципите на одржлив развој во образовниот систем, испорака на обуки за одржлив развој, управување со ресурсите базирани на заедницата, одржливо управување со екосистемите и решенија базирани на природата, управување со отпад, системи за управување со енергија, воспоставување центар за обука за системи за управување со енергија.

**Преглед на посебниот технички капацитет на организацијата по секторски области:**

- Управување со отпад,
- Едукација за заштита на животната средина и одржлив развој,
- Едукација за европските политики и институционално унапредување,
- Енергетска ефикасност,
- Заштита на природата и биодиверзитетот.

## II. Локално искуство, присуство и односи со заедницата во 2025 година, преглед на видот/обемот на тековните проекти

1. **„Граѓански активизам за остварување на циркуларна економија во управувањето со органски отпад“** спроведуван од Центар за ресурси во животната средина (РЕЦ) – Северна Македонија, како носител на пректот и Еко Логик и Флорозон – Центар за еколошка демократија, во улога на партнер организации, во период од јуни 2024 до октомври 2026 година. Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија и Амбасадата на Швајцарија во Македонија преку Цивика мобилитас.
2. **Специфичните цели (СЦ) на проектот** се:

- **С.Ц.1:** Запознавање на ученици од 7-9 одделение од Општинските основни училишта (ООУ) во скопскиот регион, со потенцијалот од искористување на отпадот како суровина, преку демонстрирање на практични техники во Био-технолошка лабораторија.
- **С.Ц.2:** Граѓански активизам во корист на одржливото управување со отпад и придонес кон спречување органскиот отпад да заврши на депонија, преку негова преработка во локални центри/компостери.
- **С.Ц.3:** Завршен отворен промотивен настан за претставување на резултатите од проектот и информирани околу 100.000 граѓани.

Проектни активности и резултати:

- **Р.1:** 500-1000 ученици од 10 ООУ во Карпош, 6 ООУ во Кисела Вода и 4 ООУ во Ѓорче Петров, стекнаа практични знаења за искористување на придобивките од органскиот отпад. Во период од 2024 до 2025 година беа одржани ***20 еднодневни работилници во Био-технолошка лабораторија за пренамена на органски отпад,*** наменети за ученици од 20 основни училишта, општина Карпош, Кисела Вода и Ѓорче Петров.  Целта на овие работилници беше повеќекратна. Учениците доаѓаа во Биотехнолошка лабораторија, се запознава со опремата и апаратите во лабораторијата, а потоа и со потребните материјали со кои ќе работат за време на работилницата. Основната цел е преку процесот на изработка на експерименти за пренамена на органски отпад учениците да дознаат и да дискутираат за тоа што е циркуларна економија и за нејзината важност да се применува во секојдневниот живот. На овие работилници беа обучени 404 ученици и 36 наставници по биологија, хемија и физика од 20 основни училишта: од општина Карпош, од општина Кисела Вода и од општина Ѓорче Петров.
  - А.1.1: *20 настани на отворено со каравнот за демонстрирање на експерименти* (на отворено) со мобилна опрема од лабораторијата, наменети за дополнителни околу 500 ученици, коишто ќе се случуваат во кабиниетите по хемија или биологија или холот или дворот на училиштата. Во овој период носителот и партнерите одржаа вкупно 15  настани на отворено во петнаест училишта во три општини со што продолжи спроведувањето на оваа активност во период од септември до декември 2025 год. Настаните на отворено претставуваа практичен пример како едукативните институции можат да бидат носители на промени и промотори на еколошко однесување. Беа обучени 405 ученици и 27 наставници.
- **Р.2:** Активирани граѓани придонесуваат за одржливо управување со органскиот отпад:
- **Р.2.1:** Спроведена електронска анкета за утврдување на степенот на знаења на широката јавност за штетните влијанија и придобивките од постапувањето со био-отпадот.
  - А.2.1.1: Разработена и спроведена промотивна дигитална кампања со едукативно-информативни содржини за придобивките и начините за искористувањето на потенцијалот на органскиот отпад, досатапни преку социјални мрежи и други дигитални канали. Започна во месец јуни 2025 год, со споделување на статиите беа споделени на социјалните медиуми и на веб страните на трите партнери како и на дигитални платформи како zenskimagazin.faktor.mk, factor.mk, press24.mk. Досегот на кампањата е 304 346 корисници, а преку 55 % од таргет групата се на возраст од 35-55 години.
- **Р.2.2:** Околу 100.000 опфатени со промотивна кампања за подигнување на јавна свест за штетните влијанија од неконтролираното постапување со органската компонента на отпадот

од домаќинства и придобиваите од искористувањето на био-отпадот, со примена на дигитални алатки, социјални мрежи и други е-канали.

- A.2.2.1: Развиени и достапни дигитални и/или печаени информативно-едукативни материјали (прирачници, инфо-графици, адаптирани достапни видео записи, дигитални прилози, во форма на статии или интервјуа и сл.) со едноставни појаснувања за придобивките и начините за селекција и искористување на органската компонента на отпадот од домаќинства. Снимање на едно промотивно видео со експерти за значењето на циркуларната економија и состојбата со органскиот отпад но и предлози како може да се подобри управувањето со органски отпад. изработката и дистрибуцијата на краткото анимирано едукативно видео со наслов „Правилно постапување со био-отпадот – чекор поблиску до циркуларна економија"

✓ **P.2.3:** Околу 1000 домаќинства или најмалку 2500 граѓани активни во селекција и селективно собирање на органски отпад за негова преработка во корисни производи (производи добиени во Био-технолошка лабораторија или подобрувач на почвени карактеристики – биокомпост). Во оваа година беа спроведени активностите:

- A.2.3.1 Од 500-1000 домаќинства или најмалку 2500 граѓани ќе се вклучат во активности за селекција и селективно собирање на органски отпад, по видови, за добивање на корисни продукти во био-технолошка лабораторија.Учениците кои учествуваа на работилниците беа поттикнувани да селектираат органски отпад во нивните домови и да го донесат на настаните на отворено со цел да се искористи како суровина за експериментите. На тој начин граѓаните од трите општини преку нивните деца беа запознаени и активно вклучени во спроведување на активноста.
- A.2.3.2 Од 500-1000 домаќинства или најмаку 2500 граѓани ќе се вклучат во активности за селекција и селективно собирање на органски отпад, по видови, за добивање на компост во биокомпостара. Беа реализирани информативно-координативни состаноци со месните заедници во општините Кисела Вода, со секретарот на Кисела Вода и во општина Карпош со Раководителот на Секторот за екологија и енергетска ефикасност, и работнен состанок со претседателите на две месни заедници кадешто се наоѓаат зградите во кои ќе се селектира органски отпад како пилот проект и претставник на Комуналното претприатије од Карпош, и состанок во општина Ѓорче Петров, за започнување на спроведување на активностите поврзани со селекција, подготовка, чување и селективно собирање на органскиот отпад од домаќинствата. Состаноците имаа за цел:
  - запознавање на претставниците на месните заедници со целите, пристапот и планираните активности на проектот;
  - поставување основа за нивна активна улога во информирањето и мобилизацијата на жителите, особено во станбени објекти;
  - подготовка за понатамошно вклучување на граѓаните во систем за селекција и предавање на органскиот отпад, наменет за преработка во био-технолошка лабораторија и/или биокомпостара.

Фотографии од активностите:





2. **Проект „Земјоделие безбедно од пожари во општина Новаци“,** финансирано од програмата Управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан,  (Landscape Fire Management in the Western Balkans). Главната цел на проектот е да се промовира и постави основа за спроведување на земјоделски практики што ќе ги намалат достапните горива, ризикот од палење и на крајот стапката на појава и штета предизвикана од пожарите во регионот Зголемено знаење на локалното население за ризикот од пожари и начините за нивно спречување. Ова, заедно со имплементацијата на земјоделски практики безбедни од пожари на лице место, би резултирало со подобро целокупно управување со пожари во регионот.

   <u>Проектни активности и резултати:</u>

✓ 4 Обуки на локалните земјоделци и сопственици на земјиште за безбедни практики на земјиште кои го обработуваат земјиштето во Општина Новаци, Северна Македонија. Темите на обуките беа:

- 1ва работилница посветена на важноста на управувањето со пожари во земјоделските области, на која присуствуваа 34 лица, од различни групи на засегнати страни, земјоделци претставници од Општината, од ЈП Комунална хигиена, од секторот за противпожарна безбедност на РЕК „Битола“, кој е исто така на територијата на Општина Новаци, како и некои заинтересирани граѓани.

- 2ра работилница Теоретска обука за „Управување со пожари на земјоделско земјиште“ на работилницата присуствуваа 33 лица, од различни групи на засегнати страни, учесниците присутни и на првата работилница и претставници од волонтерската противпожарна служба на Општината, со седиште во село Новаци.

-Третата работилница поставена како практична обука за „Управување со пожари на земјоделско земјиште“ на локација со симулација на условите под кои најверојатно би се појавиле пејзажни пожари во областа. Темите на обука беа две Тактички и технички карактеристики на уреди, опрема и средства за гаснење пожари на отворени простори и пожари кај житни култури и Тактички и технички карактеристики на земјоделската

механизација при гаснење пожари на отворени простори – главно фокусирани на полиња со житни култури и полиња по жетвата.На оваа работилница присуствуваа граѓани од општина Новаци, волонтери од Доброволната противпожарна единица во Новаци, кои присуствуваа на Првата работилница, и тим од Територијалната противпожарна единица Битола (ТППЕ-Битола) кој ја надгледуваше оваа обука и служеше како дополнителен тим за одговор доколку е потребно. Вкупниот број на учесници беше 33.

- Четврта обука – Показна вежба од практична природа, насловена како „Справување со пожари на земјоделско земјиште“ придружена од симулирана вежба: Тактика за гаснење на земјоделска механизација од пожари на отворен простор и Тактика за гаснење пожари во житни полиња на отворен простор – земјоделски површини. Бројот на учесници беше 37, а меѓу нив беа граѓани од општина Новаци, волонтери од Волонтерската противпожарна единица во Новаци, тим за обезбедување од Територијалната противпожарна единица Битола (ТППЕ-Битола). Вежбата беше организирана со цел да се тестира координираното дејствување на корисниците на земјоделска механизација кои извршуваат земјоделски активности, како што се земјоделците од општина Новаци и претставниците од доброволната противпожарна служба во Новаци, со цел да можат брзо да реагираат во случај на пожар на земјоделско поле или земјоделска механизација, што не е невообичаено на комбајните.

- ✓ Примена на активности за спречување на пожари на лице место чистење на 4 локации како мерка за спречување на пожари.
- ✓ Идентификација на место за садење на зелен одбрамбен појас во Општина Новаци, засадено со автохтони растителни видови кои се прилагодени на суви услови и доволно отпорни на пожар.
- ✓ Започнување на собирање податоци за *Студија за проценка на горивен материјал, како основа за пожари на ниво на предел во земјоделските површини на Општина Новаци*.

<u>Фотографии од активностите:</u>









***3. Регионален проект „Брза проценка на водотеците на Западен Балкан“*** имплеметиран од Центарот за ресурси во животна средина (РЕЦ) – Северна Македонија, финансиран од US Forestry Service (USFS) – Шумарската служба на САД во партнерство со Здруженија за заштита на животната средина: РЕЦ од Босна, Албанија, Црна Гора и Косово. Проектот се спроведуваше од мај 2023 година до декември 2025 година. Целта на проектот беше забележување и евалуација на проблемите во управувањето со водите во регионот на Западен Балкан, како и да се истакнат можните начини на соработка за решавање и ублажување на некои од предизвиците во управувањето со водите во регионот.

Проектни активности и резултати:

- ✓ **Работен пакет I:** Градење капацитети за обезбедување алатки што овозможуваат проценка на состојбата на сливот и нејзините импликации врз животната средина. Организирана локална работилници во месец мај за користење на алатката SVAP-Stream Visual Assesment Protocol за 25 претсавници од општини, факултети и граѓански организации кои работат со локалните заедници. Теренска посета на локација покрај Вардар и изработка на проценка на речното корито и посета на Микробиолошка лабораторија- посета на Микробиолошката лабораторија на ЈП Водовод и канализација.
  - Работен пакет I На регионално ниво: Организирање регионална работилница со претставници од заедниците од соседните земји вклучени со цел создавање заеднички форум за дискусија и споделување на најдобрите практики за ефективна имплементација и застапување на SVAP.

- ✓ **Работен пакет II** – Поддршка на локалните заедници во форма на мали грантови за администрирање на методологијата SVAP за проценка на состојбата на текот на реката и параметрите на сливот. Давање на 2 гранта на Здружение Еко Логик и ЦЕД Флорозон за одржување на обуки со претставници од општина Ѓорче Петров и Кисела Вода, ученици од средни училишта и заинтересирани граѓани. Планираните активности вклучуваа мапирање на изворите на загадување и едукација и подигање на свеста.
  - Изработка на едно промотивно видео за активностите на проектот.
  - Присуство на Регионална работилници за брза проценка на сливот за Западен Балкан (заедно со претставници од општините) во Сараево, Тирана, Подгорицаво текот на проектот
  - Активна соработка со 2 општини Карпош и Зелениково за управување со водите во РСМ.
  - Организирање и одржување на четврта регионална обука „Зајакнување на капацитетите за намалување на нестабилноста на сливите во западен балкан“ со 26 претставници од општини и НВО од Босна, Албанија, Црна Гора, Косово и Република Северна Македонија во Охрид.

Фотографии од активностите:









